Здружение на финансиски работници
на локалните самоуправи и јавните претпријатија
Association of finance officers
of the local governments and public enterprises

Број: 0302-205
09.05.2023 година
Велес

До
Сектор/одделение за Финансии / Сметководство / Ревизија

**Предмет: Покана за работилница**

Почитувани,

Здружението на финансиски работници на локалната самоуправа и јавните претпријатија, продолжувајќи ја повеќе од дведецениската традиција на организирање работилници за актуелни теми и области, следејќи ги новините во законската регулатива, како и потребата од меѓусебна размена на информации и добри практики, со задоволство Ве поканува на работилница на тема:

**„НАСОКИ ЗА ПРАВИЛНО МЕНАЏИРАЊЕ НА ЈАВНИТЕ СРЕДСТВА И ЕВИДЕНТИРАЊЕ НА НА ДВИЖНИТЕ И НЕДВИЖНИТЕ СТВАРИ СОГЛАСНО ЗАКОНСКАТА РЕГУЛАТИВА“**

**Здружението на финансиските работници е акредитирано од ИСОС за одржување на КПУ работилници.**

**Работилницата ќе се одржи во хотел „Пегаз“ – Врњачка Бања (https://hotelpegaz.com/), во периодот од 29 мај до 01 јуни 2023 година, со поаѓање на 29 мај 2023 година од Скопје.**

Искористете ја одличната можност заедно со обезбедениот квалитетен експерт-практичар: дипл.екон. Бранислав Гулев за размена на знаења, долгогодишни искуства, добри практики, информации и насоки за правилно, навремено и точно работење во следните области:

- **Надоместоци кај буџетски корисници и единици на локална самоуправа,**
- **Додатоци на плата,**
- **Ангажирање на лица врз основа на договор за вработување, договор за дело и авторски договор,**
- **Законска обврска за воспоставување на сметководствена, материјална и даночна евиденција,**
- **Сметководствено евидентирање на нематеријални средства,**
- **Донации и спонзорства во јавни дејности,**
- **Планирање на приходи и следење на нивна наплата,**
- **Примена на новиот Закон за буџетите и очекувањата од негова примена,**
- **Расходување и отуѓување на ситен инвентар кај државни органи,**
- **Државни поддршки - МСС 20 и Оддел 24,**
- **Резервирања, неизвесни обврски и неизвесни средства – МСС 37.**

Темите за работилницата се внимателно избрани и тие ги рефлектираат потребите и барањата за меѓусебно континуирано информирање. Долгогодишно искуство во областите наведени во агендата, подготвените материјали и долгогодишната соработка со вас, претставуваат добра основа да веруваме дека ќе имаме успешна презентација на предвидените теми. Покрај тоа, оставаме простор и за ваши прашања и одговори, кои ќе ги разрешат сите дилеми и ќе осигураат ваше правилно постапување.

**Котизацијата за учество на работилницата** е задолжителна за сите пријавени за учество на работилницата и изнесува: само **6.500,00 денари (без ДДВ)** по учесник со вклучени работни материјали и сертификат за учество на работилницата.

Котизацијата за учество на работилниците можете да ја уплатите на:
**Здружение на финансиските работници на локалната самоуправа и јавните претпријатија**
**Сметка 300270000017628 - Комерцијална Банка АД Скопје**
**Сметка 200000026137030 - Стопанска Банка АД Скопје**
**Даночен број МК 4004997107233**

Учесниците на работилницата кои имаат статус на сметководител, односно овластен сметководител согласно одредбите на Законот за вршење сметководствени работи ќе имаат право на доделување на часови за посета на настава за КПУ согласно со темите и времетраењето на истите опфатени со Агендата за оваа работилница. За овие посетители фактурирањето на надоместокот ќе биде соодветно прилагодено во рамките на вкупно утврдениот надоместок за работилницата.

**Пријавување учество за работилница:** Во функција на добро организирање на работилницата, Ве молиме навремено да го пријавите Вашето присуство во **Здружението на финансиските работници**. Вашите пополнети пријави за учество на работилницата ги очекуваме на емаил: kontakt_zfr@yahoo.com и zfrlsjpv@t.mk. Формуларот на Пријавите за учество на работилницата и агендата се поставени на нашата веб страна https://zfr.org.mk/ За сите дополнителни информации обратете се во канцеларијата на Здружението на финансиски работници, на тел. 043/230-623, моб. 070/265-401 или преку наведените емаил адреси.

**Резервација на Пакет аранжман:**
Ве молиме да се обратите во **Туристичката Агенција "Fame One Travel" – Скопје, г-а Александра Марковиќ Цветановска, моб тел. 070 268 854, за да извршите резервација на комплетниот пакет аранжман кој се состои од: патување со организиран превоз, патничко осигурување, сместување – три полни пансиони (FB) со вклучени кафе паузи и пијалок за време на ручек и вечера.**
**Цената за аранжманот по лице изнесува: 20.000,00 денари за сместување во двокреветна соба, и 22.500,00 денари за сместување во еднокреветна соба. За резервирање на пакет аранжман потребно е да извршите уплата на целосниот износ на пакет аранжманот најдоцна до 22.05.2023 година. Резервациите ќе се извршуваат по принцип: „Прв пријавен – потврден – услужен".**

**Деталите и информациите за патувањето ќе бидат доставени до учесниците на работилницата.**

Ве очекуваме да ни се придружите и заеднички да ги разрешиме сите отворени прашања и дилеми поврзани со темите од работилниците.

Со почит,

**Извршен директор,**
м-р Зоран Јанкуловски